**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ", број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16 и 120/16), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа на Република Македонија, донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-007029/17-0031 од 09.08.2017 година, изготвен по спроведена отворена постапка со објавување на оглас во ЕСЈН број 08/2017 за доделување на договор за јавна набавка на работи за замена на прозори во Царинска управа на РМ се избира:

**Производно трговско друштво ДРВО – ПРОМ ДООЕЛ с. Муродвис Зрновци**

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 3 став 1 точка 27 и член 28 од Законот за јавни набавки, помошник директорот на Секторот за правни работи по овластување број 04-019511/17-0001 од 30.03.2017 година од директорот на Царинската управа на Република Македонија , донесе Одлука за јавна набавка број 05-007029/17-0003 од 12.05.2017 година, за набавка на работи за замена на прозори во Царинска управа на РМ .

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ до 3.000.000,00 денари вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2017 година, на раздел 09003, сметка 637, програма 22, ставка 481 и/или сметка 631 , програма 20, ставка 481 и/или сметка 787, програма 20, ставка 481.

Јавната набавка се спроведе со отворена постапка, согласно член 64 од Закон за јавни набавки. Постапката се спроведе во хартиена форма која завршува со примена на електронска аукција, согласно член 37 и 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до одговорното лице достави Извештај од спроведена постапка број 05-007029/17-0031 од 09.08.2017 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере понудувачот: Производно трговско друштво ДРВО – ПРОМ ДООЕЛ с. Мородвис Зрновци, со доставена понуда број 05-007029/17-0014 од 28.06.2017 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното, по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 216 од Законот за јавни набавки, незадоволниот економски оператор во постапката за доделување на договор за јавна набавка може да поднесе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 8 (осум) дена од денот на прием на известувањето за избор. Жалбата истовремено се доставува и до договорниот орган.

Директор,
М-р Гоко Танасоски

Бр. 05-007029/17-0033
Скопје, 23. 08. 2017 г.

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Дафинка Кијевска
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески